Агенција за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА МЕДИУМСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Јуни, 2020 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3

КЛУЧНИ НАОДИ ..... 4

СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 6

ТЕЛЕВИЗИИ ..... 7

Телевизии на национално ниво ..... 7

Телевизии на регионално ниво ..... 13

Телевизии на локално ниво ..... 15

РАДИОСТАНИЦИ ..... 17

Радиостаници на национално ниво ..... 17

Радиостаници на регионално ниво ..... 18

Радиостаници на локално ниво ..... 20

ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 24

ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2019 ГОДИНА ..... 25

ПОСТАПУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2019 ГОДИНА ЗА ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА МЕДИУМСКАТА СОПСТВЕНОСТ ..... 27

СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 30

# ВОВЕД

Во овој извештај се претставени податоците за сопствениците на радиодифузерите и на издавачите на печатените медиуми во јуни 2020 година. За да се обезбеди целосна транспарентност на сопственоста на медиумите, Агенцијата ги обезбеди и податоците за сопствениците на правните лица кои поседуваат удели во сопственоста на радиодифузерите или на издавачите на печатени медиуми.

Податоците за сопствениците и за нивното учество во основната главнина на радиодифузерите се озбезбедени од тековните состојби за радиодифузерите издадени од Централниот регистар на РС Македонија, а податоците, пак, за сопственичката структура на издавачите на печатените медиуми Агенцијата ги обезбеди од нивните објави во дневен весник и од тековните состојби издадени од Централниот регистар.

Извештајот се состои од два дела. Првиот се однесува на радиодифузерите и во него, во засебни глави, се содржани податоците за сопствениците на телевизиите и на радијата и за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите во јуни 2020 година. Во овој дел, исто така, е даден опис на промените во сопственоста на радиодифузерите во 2019 година, а опфатени се и активностите коишто Агенцијата ги преземе во 2019 година во насока на утврдување недозволена медиумска концентрација и во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитување на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост. Податоците за сопственоста на издавачите на печатени медиуми се прикажани во вториот дел од Извештајот.

Овој е втор извештај за сопственичката структура на медиумите, а Агенцијата ќе продолжи и понатаму редовно да го изработува. Првиот ваков документ беше изработен во 2019 година.

# КЛУЧНИ НАОДИ

➢ Телевизиска или радиопрограма, освен јавниот радиодифузен сервис, емитуваат и 47 комерцијални телевизии, 65 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници. Од овие 116 радиодифузери, програма на национално ниво емитуваат 11 телевизии и четири радиостаници, на регионално ниво 17 телевизии и 17 радиостаници, а на локално ниво 19 телевизии и 48 радиостаници.

➢ Како сопственици на телевизии се јавуваат 42 физички и 12 правни лица, а како сопственици на радиостаници 68 физички и 11 правни лица. Во сопственосот на правни лица се 13 телевизии и 10 радија, и тоа:

- националните телевизии Алсат-М, Алфа, Сител, Телма, Компани 21-М, Шења, Клан и 24 Вести,
- регионалните телевизии Амазон, Ирис, К&М и Ера,
- локалната телевизија Канал Визија,
- националната радиостаница Канал 77,
- регионалните радиостаници Урбан ФМ, Хит и студентското Студент ФМ и
- локалните радиостаници Про-ФМ, Свети Николе, Енџелс ФМ, Марија Благовест и студентските УКЛО ФМ и УГД ФМ.

➢ Повеќе од еден сопственик имаат осум телевизии (Алсат-М, Стар, Ирис, Кобра, Нова, Свет, Канал Визија и Плус) и 10 радиостаници (Антена 5, Метрополис, Јон, Ват, Клуб ФМ, Валандово, Мерак 5 ФМ, Кочани ФМ, Свети Николе и Фама).

➢ Само пет субјекти – едно правно и четири физички лица, се јавуваат како сопственици на повеќе од еден радиодифузер. Имено, ист сопственик имаат ТВ Шења и ТВ Ера, потоа Наша ТВ и РА РФМ, ТВ Полог и ТВ Ускана Медиа, ТВ КТВ и РА Пулс, како и РА Метрополис и РА Сити.

➢ Во 2019 година, откако констатираше дека не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст - ЗААВМУ), Агенцијата донесе шест одлуки со кои дозволи промена во сопственичката структура на следните радиодифузери: ТВ Топестрада, РА Голди, РА Аљбана Плус, РА Експрес, РА Свети Николе и РА Јон. Оваа година Агенцијата донесе и една одлука со која забрани промена во сопственоста на РА Свети Николе.

- Во 2019 година беше донесена една одлука за поведување постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација кај РА Свети Николе, а беше поведена и постапка за утврдување повреда на забраната за таен содружник кај 1 ТВ.

- Од вкупно 21 издавач на печатени медиуми, 15 се во сопственост на физички лица, еден во сопственост на правно лице, а два во сопственост на правни и физички лица. Другите три издавачи се здруженија. Имено, како сопственици на издавачите на печатени медиуми се јавуваат вкупно 37 физички и три правни лица.

# СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

# ТЕЛЕВИЗИИ

## Телевизии на национално ниво

Од 11-те телевизии кои имаат дозвола за емитување програма на национално ниво, пет емитуваат преку дигитален терестријален мултиплекс (ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма), четири преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс (ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан и ТВ Сонце) и две преку сателит - ТВ 24 Вести и Наша ТВ).

Само три национални телевизии се во целосна сопственост на физички лица, и тоа:

- ТВ Канал 5, сопственик на која, од 2017 година, е лицето Емил Стојменов од Скопје,
- ТВ Сонце, сопственик на која, уште од неговото основање во 2008 година, е лицето Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп и
- Наша ТВ, сопственик на која, од 2017 година, е лицето Ристо Гоговски од Скопје.

ТВ Алсат-М е единствена од телевизиите на национално ниво која има повеќе од еден сопственик. Имено, сопственици на овој радиодифузер се физичките лица Ферик Велија и Имихане Велија (секое со удел од по 0,07 %) и правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги „Веве гроуп“ ДОО Скопје (со удел од 99,86 %). Ова правно лице, според податоците од тековната состојба издадена од Централниот регистар, е регистрирано за вршење *„дејности на советување во врска со работењето и останато управување“*.



Сопственик на ТВ Алфа е Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги „Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје, со 100 % удел во сопственоста на радиодифузерот, кој го стекнал во 2008 година. Приоритетна дејност на ова правно лице е *„останати деловни помошни услужни дејности, неспомнати на друго место“*.

Мнозински содружник во „Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје е Друштвото за услуги „ЦХС инвест гроуп“ ДОО Скопје (со удел од 57 % во основната главнина), а како сопственици се јавуваат и акционерските друштва АД „Европа“ Скопје, „Макошпед“ АД Скопје и „Технометал-Вардар“ извоз-увоз АД Скопје - во стечај.



Во табелата подолу се претставени податоците за правните и физичките лица кои, согласно Централниот депозитар на хартии од вредност, поседуваат над 5 % од која било класа хартии од вредност на акционерските друштва кои се сопственици на „Алфа скоп“ експорт-импорт Скопје (овие податоци се однесуваат на состојбата на 1 јуни 2020 година), освен за „Технометал Вардар“, ова правно лице е во стечај и поради тоа на страницата на Централниот депозитар нема податоци за него.

| Акционерско друштво | Инвеститори со над 5 % хартии од вредност |
|---|---|
| АД „Европа“ Скопје | 1. Друштво за трговија производство и услуги „АС Сењак“ увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ – 18 %<br>2. Акционерско друштво фабрика за чоколади вафли и бонбони „Европа“ – 10 %<br>3. Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта „Фершпед“ АД – 21,77 %<br>4. Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД – 19,90 %<br>5. Есамедин Хасани – 8,20 %<br>6. Мила Левентиц – 8,68 % |
| Макошпед АД Скопје | 1. Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД – 10 %<br>2. Трговско друштво за трговија на големо и мало „Мепком Кочо и други“ ДОО увоз извоз – 19,0 3%<br>3. „Уготур“ Акционерско друштво за организациска исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија – Скопје – 15,22 %<br>4. Друштво за производство трговија и услуги „ИГМ трејд“ Илија и др. ДОО – 16,6 0% |

ТВ Сител е во целосна сопственост на правното лице Друштво за трговија „Монтеко“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, кое сопственоста ја стекнало во 2001 година. Овој субјект е регистриран за вршење на дејноста *„производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода“*. Единствен сопственик на „Монтеко“ е Горан Ивановски од Скопје.



Сопственик на ТВ Телма е Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ Скопје. Според податоците од Централниот депозитар на хартии од вредност, ова акционерско друштво има вкупно 2,514 акционери (2,472 домашни и 42 странски физички и правни лица). Од нив, најголем дел од акциите (22,87 %) ги поседува Командитното друштво со акции за транспорт „Оилко“ Скопје, кај кое, пак, сопственици на најголем дел од акциите (14,98%) се физичкото лице Андреја Јосифовски и Акционерското друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ (35,61 %).




Единствен сопственик на ТВ Компани 21-М е правното лице „Компани 21“ ДОО од Приштина. Како сопственици на ова правно лице се јавуваат четири физички лица од Косово, од коишто најголем удел во сопственоста (60 %) поседува лицето Афердита Келменди[1].




Во сопственост на странско правно лице е и ТВ Клан, чиј сопственик е Акционерското друштво „ТВ Клан“ од Тирана, Република Албанија. Ова правно

[1] Податоците за сопствениците на странското правно лице што е сопственик на оваа телевизија се од 2019 година.

лице е во сопственост на две физички лица од Албанија - Александар Франгај и Алба Гина[2].




Сопственик на ТВ Шења, од 2015 година, е Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје, регистрирано за вршење на дејноста *„посредување во трговијата со разновидни производи“.* Негов сопственик е правното лице Фондација за култура и образование „Култ визиони“ Скопје, коешто е во целосна сопственост на физичкото лице Таџудин Шабани. Приоритетна дејност/главна приходна шифра на фондацијата е *„дејности на други организации врз база на зачленување“.*




ТВ 24 Вести е во сопственост на правното лице „Кејбл 24“ од Австрија, коешто сопственоста во радиодифузерот ја стекнало во 2011 година, а кое е регистрирано за дејноста *„учество во телекомуникациски фирми за телекомуникациски услужни дејности“.* Основач на „Кејбл 24“ е правното лице

[2] Податоците за сопствениците на странското правно лице што е сопственик на оваа телевизија се од 2019 година.

„ЈМ дата“ од Австрија, а негов единствен сопственик е физичкото лице Јирген Мајкснер од Австрија[3].




Во табелата подолу збирно се претставени податоците за сопствениците на секоја од националните телевизии, уделот кој секој од нив го поседува во сопственоста на телевизијата, како и годината кога го стекнале уделот.

| телевизија | сопственици и удел во сопственоста на ТВ (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| ТВ Алсат-М | Ферик Велија - 0.07 %,<br>Имихане Велија - 0.07 % и<br>Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги „Веве гроуп“ ДОО Скопје - 99.86 % | 2009<br>2017<br>2013 |
| ТВ Алфа | „Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје – 100 % | 2008 |
| ТВ Канал 5 | Емил Стојменов – 100 % | 2017 |
| ТВ Сител | „Монтеко“ – 100 % | 2001 |
| ТВ Телма | Макпетрол АД Скопје – 100 % | 1994 |
| ТВ Компани 21- М | „Компани 21“, ДОО Приштина, Косово – 100 % | 2015 |
| ТВ Шења | Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје – 100 % | 2015 |
| ТВ Клан Мацедониа | Акционерско друштво „ТВ Клан“ Тирана, Р Албанија – 100 % | 2018 |
| ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски – 100 % | 2008 |
| ТВ 24 Вести | „Кејбл 24“ ДОО Линц, Австрија – 100 % | 2011 |
| Наша ТВ | Ристо Гоговски – 100 % | 2017 |

[3] Податоците за сопственоста на правното лице „ЈМ дата“ од Австрија се од 2019 година.

### Телевизии на регионално ниво

Вкупно 16 физички и четири правни лица се јавуваат како сопственици на некоја од 17-те телевизии кои имаат дозвола да емитуваат програма на регионално ниво. Имено, правни лица се сопственици на следните четири радиодифузери:

- Трговско радиодифузно друштво ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје,
- Трговско радиодифузно друштво телевизија Ирис ДОО Штип,
- Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М Кис&Менада ДООЕЛ Тетово и
- Трговско радиодифузно друштво ТВ Ера ДООЕЛ Скопје.

Сопственик на ТВ Амазон е Друштвото за трговија и услуги „Премиум АГС“ ДОО увоз-извоз Скопје, кое во сопственоста на радиодифузерот, по претходно одобрување од страна на Агенцијата, пристапило во 2016 година. Приоритетна дејност на ова правно лице е *„неспецијализирана трговија на големо“*, а негови основачи се физичките лица Лидија Јошевска-Петровиќ од Скопје и Иван Петровиќ од Скопје, секое со по 50 % учество во основната главнина на друштвото.




97,57 % од сопственоста на ТВ Ирис поседува акционерското друштво Баргала АД Штип (физичкото лице Костадин Барзов поседува 90,80 % од акциите), а другите 2,43 % се во сопственост на физичкото лице Владимир Милановиќ.




Сопственик на ТВ Кис&Менада е Друштвото за трговија и услуги Кис & Менада ДОО Тетово, регистрирано за вршење на дејноста

*„неспецијализирана трговија на големо“.* Сопственоста ја стекнало во 2019 година, со самото основање на радиодифузерот. Ова правно лице е во сопственост на физичките лица Ивица Хаџииљоски (кој поседува удел од 27,5 %), Аџо Новески (исто така со удел од 27,5 %) и Александар Митковски (со удел од 45 %).




ТВ Ера од 2014 година е во целосна сопственост на Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје (чија приоритетна дејност е *„посредување во трговијата со разновидни производи“),* кое, пак, е во сопственост на правното лице Фондација за култура и образование „Култ визиони“ Скопје.




Повеќе од еден сопственик имаат три регионални телевизии – ТВ Стар, ТВ Ирис и ТВ Кобра. Податоците за сопствениците на регионалните телевизии, за процентот на учество во основната главнина, како и за годината кога го стекнале уделот во радиодифузерите, се претставени во следната табела.

| телевизија | сопственици и удел во сопственоста на ТВ (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| ТВ Амазон | Друштво за трговија и услуги „Премиум АГС“ ДОО увоз-извоз Скопје – 100 % | 2016 |
| ТВ Тера | Зоран Манговски – 100 % | 1998 |
| ТВ М | Михајло Арнаудов – 100 % | 1998 |
| ТВ Стар | Симјончо Маријанов – 90 %<br>Розетка Моневска – 10 % | 2001 |
| ТВ Канал Вис | Јанко Мицев – 100 % | 2008 |
| ТВ Ирис | Баргала АД Штип - 97,57 %<br>Владимир Милановиќ - 2,43 % | 1993 |
| ТВ Кобра | Ленче Литајковска – 50 %<br>Игор Литајковски – 50 % | 2013 |
| ТВ Полог | Мунир Мехдиу – 100 % | 2016 |
| ТВ Топестрада | Виган Ибиши – 100 % | 2019 |
| Телевизија 3 | Виктор Серафимов – 100 % | 2018 |
| ТВ К&М | Друштво за трговија и услуги „Кис & Менада“ ДОО Тетово – 100 % | 2019 |
| ТВ Едо | Енес Бабачиќ – 100 % | 1995 |
| ТВ Ера | Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје – 100 % | 2014 |
| ТВ МТМ | Гордана Андреевска – 100 % | 2017 |
| ТВ Шутел | Фари Елез – 100 % | 2012 |
| ТВ КТВ | Марјан Тодоров – 100 % | 1991 |
| ТВ Коха | Меваип Абдиу – 100 % | 1995 |

## Телевизии на локално ниво

ТВ Канал Визија е единствената локална телевизија (од вкупно 19) кај којашто како сопственик, со мнозински удел од 52% во сопственоста на радиодифузерот, се јавува правно лице.

Имено, сопственици на оваа телевија се Бранкица Мавчева (48 %) и Друштвото за трговија и услуги „Фининвест компани“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (52 %), кое е во целосна сопственост на лицето Цветан Настевски од Скопје.

Другите 18 телевизии се во сопственост на едно или повеќе физички лица.

| телевизија | сопственици и удел во сопственоста на ТВ (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| ТВ Феста | Неџати Аќифи – 100 % | 1998 |
| ТВ Нова | Валентина Џундова – 33 %<br>Јован Јованов – 67 % | нп |
| ТВ Кочани ЛД | Лазо Димитров – 100 % | 2013 |
| ТВ Канал 8 | Тони Ајтовски – 100 % | 2018 |
| ТВ Протел | Чедо Петров – 100 % | 2009 |
| ТВ Канал 21 | Зоран Ставрев – 100 % | нп |
| ТВ Здравкин | Ангелче Здравкин – 100 % | нп |
| ТВ Свет | Драган Дечков – 51 %<br>Ѓорги Дечков – 49 % | 2008<br>2011 |
| ТВ Канал Визија | Друштво за трговија и услуги „Фининвест компани“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – 52 % и<br>Бранкица Мавчева – 48 % | 2018<br>2008 |
| ТВ Морис | Јован Трпески – 100 % | 2000 |
| ТВ Калтрина | Мазар Татеши – 100 % | 1998 |
| ТВ Спектра | Демиш Каримановски – 100 % | 1998 |
| ТВ Дибра | Илир Лела - 100 % | 2010 |
| ТВ Гурра | Мерита Адиљи – 100 % | 2016 |
| ТВ Аниса | Ѓулназа Јаоска – 100 % | 2001 |
| ТВ Дуе | Назми Елези – 100 % | 1993 |
| Г-ТВ | Блерим Мустафи – 100 % | 2016 |
| ТВ Плус | Ивана Петровска – 66,7 %<br>Ристо Илиевски – 33,3 % | 2016<br>2016 |
| ТВ Ускана медиа | Мунир Мехдиу – 100 % | 2016 |

# РАДИОСТАНИЦИ

## Радиостаници на национално ниво

Радиопрограма на национално ниво емитуваат четири радиостаници. Сопственици на три од нив – РА Антена 5, РА Метрополис и РА Јон, се физички лица, додека РА Канал 77 е во сопственост на правно лице. Сопственик на ова радио е Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации „ГБЦ комуникации“ ДООЕЛ Штип, кое сопственоста во радиодифузерот ја стекнало во 1998 година. Ова правно лице е регистрирано за дејноста *„ресторани и други објекти за подготовка и послужување храна“* и истото е во целосна сопственост на физичкото лице Виктор Гаврилов од Штип.




РА Антена 5 е во сопственост на три физички лица - Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, а РА Метрополис и РА Јон имаат по двајца сопственици - Дарко Гелев и Миле Ѓошевски, односно Гоце Стојковски и Фисник Татеши.

| радиостаница | сопственици и удел во сопственоста на РА (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| РА Антена 5 | Зоран Петров - 33,3 %<br>Марјан Гушев - 33,3 %<br>Коста Јаневски - 33,3 % | 1993 |
| РА Канал 77 | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации „ГБЦ комуникации“ ДООЕЛ Штип – 100 % | 1998 |
| РА Метрополис | Дарко Гелев - 50,04 %<br>Миле Ѓошевски - 49,96 % | 2007 |
| РА Јон | Гоце Стојковски 50 %<br>Фисник Татеши 50 % | 2019<br>2019 |

### Радиостаници на регионално ниво

Како сопственици на некоја од 17-те регионални радиостаници се јавуваат 16 физички и три правни лица. Во сопственост на правни лица се РА Урбан ФМ, РА Хит и универзитетското радио Студент ФМ.

Сопственик на РА Урбан ФМ, од 2014 година, е Друштвото за трговија и услуги „Урбан вејв" ДОО Скопје, коешто е во сопственост на физичкото лице Иво Јанкоски од Скопје и на правното лице „Футу висион холдинг оу" од Финска[4]. Според податоците од тековната состојба на „Урбан вејв" ДОО Скопје, ова правно лице во Централниот регистар е регистрирано за вршење *„други издавачки дејности"*.




РА Хит е во целосна сопственост на Друштвото за промет и услуги „Тибел инвест" ДООЕЛ Скопје, и тоа од 2016 година. Приоритетна дејност на овој субјект е *„изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго*

[4] Податоците за сопствениците на странското правно лице што е сопственик на оваа радиостаница се од 2019 година.

*место“*, а негов единствен сопственик е физичкото лице Асмира Кочан од Скопје.




Само две регионални радиостаници имаат по двајца сопственици - РА Ват, која е во сопственост на физичките лица Рахим Кадри и Екрем Кадри од Скопје (секој со по 50 % учество во основната главнина на радиодифузерот), и РА Клуб ФМ, чијшто сопственици се лицата Ѓорѓи Савев (со удел од 34 %) и Елена Петреска (со удел од 66 %), исто така од Скопје.

| радиостаница | сопственици и удел во сопственоста на РА (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| РА Арачина | Муарем Исмаили – 100 % | 2016 |
| РА Буба Мара | Ранко Петровиќ – 100 % | 1994 |
| РА Ват | Рахим Кадри – 50 %<br>Екрем Кадри – 50 % | 1998 |
| РА Зона М-1 | Светлана Тасевска – 100 % | 1994 |
| РА Урбан ФМ | Друштво за трговија и услуги „Урбан вејв“ ДОО Скопје – 100 % | 2014 |
| РА Клуб ФМ | Ѓорѓи Савев – 34 %<br>Елена Петреска – 66 % | 2007<br>2018 |
| РА Лајф ФМ | Крешник Ајдини – 100 % | 2002 |
| РА Роса АБ | Александар Димитров – 100 % | 2009 |
| РА РФМ | Ристо Гоговски – 100 % | 2017 |
| РА Сити | Дарко Гелев – 100 % | 2002 |
| РА Скај | Теодор Манески – 100 % | 1998 |
| РА Хит | Друштво за промет и услуги „Тибел инвест“ ДООЕЛ Скопје – 100 % | 2016 |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | Тони Митев – 100 % | 2005 |
| Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92.9 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје | 2007 |
| РА Капитол | Перо Ристоски – 100 % | 2002 |
| РА Фортуна | Виолета Божиноска – 100 % | 1993 |
| РА Џез ФМ | Љупчо Хаџи-Стефанов – 100 % | 1998 |

### Радиостаници на локално ниво

Дозвола да емитуваат програма на локално ниво имаат вкупно 48 радиостаници, од кои 45 се комерцијални, а три се непрофитни (Универзитетското радио УКЛО ФМ од Битола и Универзитетското радио УГД ФМ од Штип, коишто функционираат како посебни внатрешни организациски единици на универзитетите „Св. Климент Охридски“ во Битола и „Гоце Делчев“ во Штип, и верското радио Марија Благовест од Струмица).

Како сопственици на комерцијалните радија се јавуваат 46 физички и четири правни лица.

Во сопственост на правни лица се следните три комерцијални радиостаници:

- Трговско радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар,
- Трговско радиодифузно друштво Радио Свети Николе ДОО Свети Николе и
- Трговско радиодифузно друштво Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип

Единствен сопственик на РА ПРО-ФМ е Трговското радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ 92 ексклузив ДООЕЛ Гостивар, коешто ја стекнало сопственоста во 2010 година. Сопственик на ова правно лице, со 100 % учество во основната главнина, е физичкото лице Себахије Куртиши Сејфулаи од Гостивар.




Сопственици на РА Свети Николе се две правни лица[5] - Пензиското и инвалидското осигурување Скопје (ПИОМ), со удел од 12%, и „Меѓународниот

[5] Во ноември 2019 година Агенцијата донесе одлука со која одобри од сопственоста на РА Свети Николе да истапи ПИОМ, а неговиот удел да биде пренесен на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе. Меѓутоа, до моментот на пишување на овој Извештај, оваа промена не беше реализирана.

славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе, со удел од 88 % во основната главнина на радиодифузерот, којшто го стекнале во 2008 година. „Меѓународниот славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе е во целосна сопственост на правното лице Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе, кое, пак, е во сопственост на физичкото лице Јордан Ѓорчев од Свети Николе. Приоритетна дејност/главна приходна шифра на „Меѓународниот славјански институт“ и на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романивич Державин“ е 85.42 – Високо образование.




Од 2018 година, единствен сопственик на РА Енџелс ФМ е Друштвото за продукција, услуги и трговија „Енџелс плус“ ДООЕЛ Штип, кое е регистрирано за вршење на дејноста *„подготовка и послужување пијалаци“*. Сопственик на ова правно лице е Зоран Илиев од Штип.



Пет локални радиостаници (РА Валандово, РА Мерак 5 ФМ, РА Кочани ФМ, РА Свети Николе и РА Фама) имаат по двајца сопственици, а сите други се во сопственост на по едно физичко или правно лице.

| радиостаница | сопственици и удел во сопственоста (во %) | година на стекнување |
|---|---|---|
| РА Скај радио плус | Веселка Радинска – 100 % | 2008 |
| РА 106 | Кире Христовски – 100 % | 1998 |
| РА Актуел | Лазар Николоски – 100 % | 2015 |
| РА Б-97 | Марија Младеновска - Димитровска 100 % | 2016 |
| РА Делфин | Билјана Талева – 100 % | 2004 |
| Универзитетско радио УКЛО ФМ | Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола | 2010 |
| РА Валандово | Снежана Шунтова – 50 %<br>Дионис Нунов – 50 % | 2008 |
| РА Голди | Маја Чадиева – 100 % | 2010 |
| РА Мерак 5 ФМ | Димче Саздов – 50 %<br>Љупчо Несторов - 50% | 2013<br>2000 |
| РА Ла Коста | Дафинка Костадинова – 100 % | 2014 |
| РА Комета | Раде Исајлоски – 100 % | 2003 |
| РА Про-ФМ | Трговско радиодифузно друштво „Радио ПРО-ФМ 92 ексклузив“ ДООЕЛ Гостивар – 100 % | 2010 |
| РА Балкан ФМ | Илкер Јусуф – 100 % | 2016 |
| РА Тајм | Павле Јовановски – 100 % | 1994 |
| РА Зора | Лидија Антовска – 100 % | 2016 |
| РА Галакси-2002 | Нада Ангелова – 100 % | 2002 |
| РА Кавадарци | Трајанка Митрова – 100 % | 2013 |
| РА Александар Македонски | Илија Таневски – 100 % | 1998 |
| РА Акорд | Зорица Ѓореска – 100 % | 2010 |
| РА Медисон | Нада Јосифоска – 100 % | 2008 |
| РА Ускана-Плус | Арбер Мехдиу – 100 % | 2010 |
| РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски – 50 %<br>Илија Стефановски – 50 % | 2010 |
| РА Аљбана | Хекуран Велији – 100 % | 2019 |
| РА Бум | Сузана Андоновиќ – 100 % | 2014 |
| РА Јехона ФМ | Бесим Шабани – 100 % | 2017 |
| РА Пулс | Марјан Тодоров – 100 % | 2019 |
| РА Лав | Иванчо Пашоски – 100 % | 2000 |
| РА Супер | Сашо Митаноски – 100 % | 1998 |
| РА 5 Чоки | Илија Бошкоски – 100 % | 2003 |
| РА Мефф | Билјана Јовеска – 100 % | 2011 |
| РА Холидеј | Ленче Андоноска – 100 % | 2011 |
| РА Пела | Гордана Цветаноска – 100 % | 2017 |
| РА Еко | Дарко Пановски – 100 % | 2010 |

| | | |
|---|---|---|
| РА Модеа | Блаѓе Монев – 100 % | 2012 |
| РА Свети Николе | Пензиското и инвалидското осигурување Скопје - 12% и<br>Меѓународен славјански институт „Москва“ ДООЕЛ Свети Николе – 88 % | 2008 |
| РА Плеј | Никола Бебекоски – 100 % | 2010 |
| РА Ррапи | Фисник Бектеши – 100 % | 2004 |
| РА Експрес | Соња Појразовска – 100 % | 2019 |
| РА Хит | Стево Трајков – 100 % | 2012 |
| РА Блета | Африм Рамадани – 100 % | 1999 |
| РА Кисс | Габриела Ѓурчиноска – 100 % | 1998 |
| РА Плус Форте | Небојша Карапејовски – 100 % | 1994 |
| РА Фама | Ајет Демири – 50 %<br>Мухамер Асани 50 % | 1991 |
| РА Ред ФМ | Арба Мехмети – 100 % | 2016 |
| РА Енцелс ФМ | Друштво за продукција, услуги и трговија „Енцелс плус“ ДООЕЛ Штип – 100 % | 2018 |
| Универзитетско радио УГД ФМ | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | 2009 |
| РА 102КА-ФМ | Дејан Јанкоски – 100 % | 2018 |
| РА Марија - Благовест | Здружение „Радио Марија Македонија“ Скопје - 100 % | 2019 |

# ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во моментот на изработка на овој извештај, вкупно 131 лице (108 физички и 23 правни лица) се јавуваат како сопственици на 116-те радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радиопрограма. Од нив, само пет - едно правно и четири физички лица, се сопственици на повеќе од еден радиодифузер.

| Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Трговско радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје – 100 % | Трговско радиодифузно друштво ТВ Ера ДООЕЛ Скопје – 100 % |
| **Ристо Гоговски** | |
| Радиодифузно друштво Наша ТВ ДООЕЛ Скопје – 100 % | Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје – 100 % |
| **Мунир Мехдиу** | |
| Трговско радиодифузно друштво Телевизија Полог ДООЕЛ Тетово – 100 % | Трговско радиодифузно друштво Телевизија Ускана медиа ДООЕЛ Кичево – 100 % |
| **Марјан Тодоров** | |
| Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци – 100 % | Трговско радиодифузно друштво Радио плус ДООЕЛ Кавадарци – 100 % |
| **Дарко Гелев** | |
| Радиодифузно трговско друштво Метрополис радио ДОО Скопје – 50,04% | Трговско радиодифузно друштво Сити радио ДООЕЛ Скопје – 100% |

Правното лице Друштво за трговија и услуги „Медис ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје и физичките лица Ристо Гоговски и Дарко Гелев се јавуват како сопственици на по еден радиодифузер кој емитува програма на национално ниво (ТВ Шења, Наша ТВ и РА Метрополис) и по еден радиодифузер на регионално ниво (ТВ Ера, РА РФМ и РА Сити). Додека, пак, лицата Мунир Мехдиу и Марјан Тодоров се сопственици на по еден радиодифузер на регионално ниво (ТВ Полог и ТВ КТВ) и по еден на локално ниво (ТВ Ускана медиа и РА Пулс).

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

Пред да донесе одлука со која ќе дозволи или забрани промена во сопственичката структура на одреден радиодифузер, Агенцијата задолжително испитува дали со предложената промена се прекршуваат одредбите од ЗААВМУ кои ги уредуваат прашањата за медиумската сопственост.

Во 2019 година Агенцијата донесе шест одлуки со кои дозволи промена во сопственоста на една телевизија (на регионално ниво) и на пет радиостаници (една на национално и четири на локално ниво). Во табелата подолу се прикажани податоците за сопственичката структура пред промените и по одобрените промени кај овие шест радиодифузери.

| радиодифузер | сопственик пред промената | сопственик после промената |
|---|---|---|
| РА Голди[6] | Маја Чадиева – 100 % | Божана Ќулавкова-Тиквешанец – 100 % |
| РА Аљбана Плус | Аљбина Велији – 100 % | Хекуран Велији – 100 % |
| ТВ Топестрада | Јашар Сејдија – 100 % | Виган Ибиши – 100 % |
| РА Експрес | Ѓорге Појразовски – 100 % | Соња Појразовска – 100 % |
| РА Свети Николе[7] | Пензиското и инвалидското осигурување Скопје - 11,66% и „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе - 88,34 % | „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе – 100 % |
| РА Јон | Фисник Татеши – 100 % | Фисник Татеши – 50 % и Гоце Стојковски – 50 % |

[6] Радиостаницата не ја реализираше промената во сопственичката структура во Централниот регистар, а за тоа ја извести Агенцијата

[7] До моментот на пишување на овој извештај, одобрената промена на сопственичката структура не беше спроведена во Централниот регистар

Радиостаницата Аљбана плус и телевизијата Топестрада извршиле промена на сопственичката структура без претходно да ја известат Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1 од ЗААВМУ) и без одобрение од страна на Агенцијата (што е спротивно на став 2 од истиот член). Поради стореното прекршување Агенцијата писмено ги опомена овие два радиодифузера и им наложи да достават податоци и документи врз основа на коишто Агенцијата констатираше дека со промените не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла ЗААВМУ и дека тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38, поради што донесе одлуки со кои ги одобри истите.

Во 2019 година, по претходно доставено известување за промена на сопственичката структура на локалната радиостаница РА Свети Николе, Агенцијата донесе одлука со која го забрани спроведувањето на предложената промена од страна на овој радиодифузер затоа што со нејзината реализација би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ. Поточно, оваа одлука беше донесена затоа што при испитување на доставеното известување беше констатирано дека лицето Борче Серафимовски, кое беше управител на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе, кое правно лице е основач на РА Свети Николе, истовремено се јавуваше како содружник и управител на правното лице Трговско друштво „Балкански мир“ ДОО Свети Николе, регистрирано за вршење на дејноста – дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма.

## ПОСТАПУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2019 ГОДИНА ЗА ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА МЕДИУМСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Во 2019 година Агенцијата покрена постапка за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио Свети Николе ДОО Свети Николе.

Постапката беше покрената поради тоа што беше констатирано дека управителот на правното лице кое е сопственик на РА Свети Николе, т.е. физичкото лице Борче Серафимовски, истовремено се јавуваше како управител и сопственик на друштво регистрирано за вршење дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма (со учество од 25 % во основната главнина на ова друштво), што е спротивно на членовите 39, 36 и 37 од ЗААВМУ.




Согласно член 39 од ЗААВМУ, недозволена медиумска концентрација во смисла на овој закон се смета дека постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како основачи на друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела. Членот 36 од Законот го проширува претходното и преку поврзани лица. Имено, во овој член е утврдено *дека „поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани* ***преку управување****, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност можат да ја креираат деловната политика, односно да*

*дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер....“.* Во член 37, пак, е утврдено дека „*физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер, како и* ***поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер не може да основа, ниту да биде содружник или акционер, односно да учествува во сопственоста на ...друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела...“.***

Имајќи го предвид наведеното, а постапувајќи согласно своите законски надлежности, Агенцијата побара од РА Свети Николе да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето, со цел до крај да ги испита ваквите сознанија. Во септември Агенцијата констатираше дека лицето Борче Серафимовски не се јавува повеќе како управител на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе, со што беа отстранети причините за водење на постапката за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација, односно радиодифузерот го усогласил своето работење со ЗААВМУ. Поради тоа, Агенцијата донесе решение со кое ја запре претходно поведената постапка.

Во членот 34 од ЗААВМУ е утврдено дека „*радиодифузер не може да има таен содружник, односно таен содружник не може да учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузер“.* Имајќи ја предвид од една страна оваа забрана, а од друга страна објавите во медиумите во коишто како сопственик на 1 ТВ се спомнуваше лицето Бојан Јовановски, кое во документите за регистрација на телевизијата не се јавуваше ниту како сопственик ниту како управител на радиодифузерот (сопственик на 1 ТВ беше Друштвото за производство, трговија и услуги „БМЈ медиа гроуп“ ДОО Скопје, а управител лицето Јасна Ерцеговиќ), директорот на Агенцијата во јануари достави предлог до Советот за донесување одлука за поведување постапка за утврдување повреда на членот 34 кај оваа телевизија. Советот го одби предлогот и одлучи да не се поведува постапка.

Следниот месец (февруари) директорот достави предлог до Советот да донесе одлука за поведување постапка против 1 ТВ, за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ, според кој *„ ...носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите“.* Причина за доставувањето на овој предлог беше тоа што Агенцијата имаше сознанија дека сопругата на лицето Миле Јовановски (Јасминка Јовановска), кој се јавуваше како сопственик на правното лице кое

беше основач на 1 ТВ, Собранието на РС Македонија ја именуваше за член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. И покрај стореното прекршувања, постапката, сепак, не беше покрената затоа што именуваното лице, на денот на одржување на седницата на Советот, ја извести Агенцијата дека поднело оставка од јавната функција, поради што Советот одлучи конечна одлука во врска со ова прашање да донесе откако оставката ќе биде констатирана од страна на Собранието. Собранието ја констатираше оставката во март, со што беше отстрането прекршувањето на член 38. Имајќи го предвид ова, Советот одлучи да не се покренува постапка за утврдување повреда на забраната од овој член од ЗААВМУ кај оваа телевизија.

Советот на Агенцијата во јули покрена постапка за утврдување повреда на забраната за таен содружник од страна на 1 ТВ, поради тоа што лицето Бојан Јовановски, син на еден од сопствениците на правното лице кое беше основач на телевизијата, во интервју емитувано на програмскиот сервис на овој радиодифузер, во неколку наврати се претстави како сопственик на телевизијата. Заради утврдување на фактичката состојба Агенцијата побара од телевизијата писмено да се произнесе во врска со ваквите објави и да достави нотарски заверени изјави од крајните сопственици на радиодифузерот (Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ), дали сопственикот кој е запишан во Централниот регистар е вистински и единствен сопственик и дали постои таен содружник, односно дали таен содружник учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот или во правното лице што е основач на радиодифузерот. Освен тоа, а со цел да обезбеди дополнителни податоци од важност за постапката, Агенцијата се обрати и до надлежните институции – Основното јавно обвинителство и Министерството за внатрешни работи. Во меѓувреме Агенцијата му ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“.

# СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА
# НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во регистарот на издавачи на печатени медиуми кој го води Агенцијата се евидентирани 21 субјект. Од нив, 15 се во сопственост на физички лица, еден во сопственост на правно лице, а два во сопственост на правно и физички лица. Другите три издавачи се здруженија (Културно адружение „Визиони М“ Скопје, издавач на „Шења“, Здружение за едукација на земјоделците „Зелена берза“, Битола, издавач на „Зелена берза“, и Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „Паблик“ Скопје, издавач на „Лице в лице“).

Податоците за сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми, кои се претставени во табелата подолу, се обезбедени од нивните објави во дневен весник, во рамки на исполнувањето на законската обврска за обезбедување јавност во работата на издавачите на медиуми, како и од тековните состојби издадени од Централниот регистар на РСМ. Освен податоците за физичките и правните лица кои се јавуваат како сопственици, табелата содржи и податоци за уделите кои тие ги поседуваат, за годината кога ги стекнале уделите, како и податоци за медиумот/ите кои го/ги издаваат.

| **име и презиме/назив на сопственик/ци** | **удел во сопственоста на ИПМ** | **год. на стекнување на уделот** |
|---|---|---|
| 1. Друштво за производство, промет и услуги „Репро принт“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија“ | | |
| „Репро уан лимитед“, Британски Девствени Острови | 100 % | 2013 |
| 2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“ | | |
| Друштво за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК“ ДОО Скопје | 50 % | 2019 |
| Александар Родиќ, Белград | 50 % | 2018 |
| 3. Друштво за издавање и маркетинг „Вечер прес“ ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер“ | | |
| Сашо Богдановски, Скопје | 100 % | 2008 |
| 4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги „Коха продакшн“ ДОО Скопје, издавач на „Коха“ | | |
| Лирим Дулови, Скопје | 60 % | 2017 |
| Арбен Раткоцери, Скопје | 40 % | 2017 |
| 5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги „Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“ | | |
| Љупчо Зиков, Штип | 6,09 % | 1999 |
| Друштво за производство, трговија и услуги „Камбурис и Барба“ ДОО увоз-извоз Скопје | 41,39 % | 2008 |
| „Репро уан лимитед“ АД Тортола, Британски Девствени Острови | 51 % | 2008 |

| | | |
|---|---|---|
| Гордана Стојановска-Ицевска, Скопје | 1,52 % | 2002 |
| 6. Друштво за новинско издавачка дејност „Медиа плус фокус“ ДОО Скопје, издавач на „Фокус“ | | |
| Јадранка Костова, Скопје | 40 % | 2013 |
| Биљана Трошановска, Скопје | 60 % | 2019 |
| 7. Друштво за новинарство и издаваштво „Медиа прес ВМ“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник“ | | |
| Васка Младеновска, Битола | 100 % | 2014 |
| 8. Друштво за реклама и издаваштво „Амптеам“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус“ | | |
| Виктор Кошевалиски, Скопје | 100 % | 2006 |
| 9. Друштво за производство, трговија и услуги „Јени Балкан“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан“, „Бахче“ и „Јени Балкан Хафталик Бултен“ | | |
| Муртеза Сулооџа, Скопје | 100 % | 2005 |
| 10. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг „АТВ медиа компани“ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм“ | | |
| Фејзи Ајдари, Куманово | 100 % | 2007 |
| 11. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност „Еуро мак компани“ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис“ | | |
| Весна Јовановска, Скопје | 68,5 % | 1992 |
| Зоран Јовановски, Скопје | 31,5 % | 2014 |
| 12. Друштво за услуги „Антиќ медиа“ ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет“ | | |
| Ружица Антиќ, Скопје | 100 % | 2015 |
| 13. Друштво за производство, трговија и услуги „Медиум боја 43“ ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“ | | |
| Иванчо Бојаџиски, Штип | 100 % | 2019 |
| 14. Друштво за производство, трговија и услуги „Колор медиа плус“ ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, „Стори“, „Хом стајл“, „Добра храна“ и „Руски доктор“ | | |
| Александар Наков, Скопје | 51 % | 2017 |
| Јована Стојменовиќ, Скопје | 49 % | 2017 |
| 15. Друштво за издавачка дејност „Биро прес“ ДОО Скопје, издавач на „Порта 3“ | | |
| Александар Белев, Скопје | 5 % | 2004 |
| Љупчо Атанасовски, Скопје | 5 % | 2004 |
| Виктор Каранфилов, Скопје | 10 % | 2004 |
| Филип Филипоски, Скопје | 5 % | 2004 |
| Гоце Адамчески, Скопје | 5 % | 2004 |
| Предраг Мојсовски, Скопје | 5 % | 2004 |
| Стефан Каратуков, Скопје | 5 % | 2004 |
| Елена Филипоска, Скопје | 5 % | 2004 |
| Горан Јовановски, Скопје | 5 % | 2004 |
| Весна Гогова, Скопје | 4 % | 2004 |
| Емилија Петровска, Скопје | 9 % | 2004 |
| Александра Петровска, Скопје | 9 % | 2004 |
| Коста Костов, Скопје | 10 % | 2004 |
| Сандра Дончева, Скопје | 9 % | 2004 |
| Вања Дончева, Скопје | 9 % | 2004 |
| 16. Културно здружение „Визиони М“ Скопје, издавач на „Шења“ | | |
| Исмаил Бериша, Скопје - претседател | | |

| | | |
|---|---|---|
| 17. Друштво за маркетиншки услуги „Мармакс степ“ ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско ехо“ | | |
| Јовица Тасевски, Скопје | 100 % | 2019 |
| 18. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги „Зенит прес плус“ увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“ | | |
| Светлана Ристеска, Прилеп | 50 % | 2015 |
| Љупчо Мургоски, Прилеп | 50 % | 2015 |
| 19. Здружение за едукација на земјоделците „Зелена берза“, Битола, издавач на „Зелена берза“ | | |
| Валентина Соколовска, Битола - овластено лице | | |
| 20. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „Паблик“ Скопје, издавач на „Лице в лице“ | | |
| Климентина Илијевски, Скопје - овластено лице | | |
| 21. Друштво за реклама и пропаганда „Кликер маркетинг’ ДООЕЛ Скопје, издавач на „Ин стор“ | | |
| Верица Мартиновска, Скопје | 100 % | 2008 |

Сопственик на „Репро принт“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој го издава весникот „Нова Македонија“, е правното лице „Репро уан лимитед“, со седиште на Британските Девствени Острови, и со учество од 100 % во основната главнина, кое го стекнал во 2013 година.




„Репро уа лимитед“, со мнозински удел од 51%, се јавува и како сопственик на Трговското друштво за новинско-издавачка дејност,. Трговија, производство и услуги „ Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“. Другите удели во сопственоста на овој издавач ги поседуваат Друштвото за производство, трговија и услуги „Камбурис и Барба“ ДОО увоз-извоз Скопје, Љупчо Зиков и Гордана Стојановска-Ицевска, Скопје.




Третиот издавач на печатен медиум чијшто сопственик е правно лице е Друштвото за издавање и маркетинг „Слободен печат“ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“. Сопственик на овој субјект е Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК“ ДОО Скопје, кое е во сопственост на физичките лица Мирослав Јовановиќ и Драган Живковиќ од Скопје.

